NLB Banka

Бр.1002 / 42064 - 1

19.11.2025 год.

# ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА
## „Со НЛБ Visa, вози ги своите соништа!“

### Член 1: ОРГАНИЗАТОР
Организатор на наградната игра **„ Со НЛБ Visa, вози ги своите соништа! “** (во понатамошниот текст „Наградна игра“) е НЛБ Банка АД Скопје, со седиште на ул. Водњанска бр.1, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: „Организатор“) во согласност со овие официјални правила на Наградната игра (во натамошниот текст: „Официјални правила“).

### Член 2: ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Официјалното име на Наградната игра е **„ Со НЛБ Visa, вози ги своите соништа! “.**

### Член 3: ТЕРИТОРИЈА
Наградната игра се приредува на територијата на Република Северна Македонија.

### Член 4: ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Наградната игра ќе започне од 1.12.2025 и ќе трае до 15.1.2026 година.

### Член 5: ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ
Наградната игра има за цел рекламирање на НЛБ Visa дебитните картички (Visa Debit, Visa Debit за пензионери и Visa Лично банкарство) и Visa кредитните картички (Visa Classic и Visa Gold).

### Член 6: ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА
Наградната игра е наменета за сите полнолетни лица, државјани на РСМ (лица со и над 18 годишна возраст), кои со било која Visa дебитна или кредитна картичка (Visa Debit, Visa Debit за пензионери, Visa Лично банкарство, Visa Classic или Visa Gold) ќе направат најмалку една безготовинска трансакција во земјата или странство (во продажна мрежа на ПОС терминал или електронска трговија) на износ од најмалку 1.500 МКД, за времетраење на наградната игра од 1.12.2025 до 15.1.2026 година.
На денот на извлекување на наградата да немаат повеќе од 60 дена достасани неподмирени обврски кон НЛБ Банка АД Скопје. Доколку биде извлечен добитник со повеќе од 60 дена неподмирени достасани обврски кон НЛБ Банка АД Скопје истиот ќе биде дисквалификуван и ќе биде заменет со резервен добитник кој во целост ги исполнува правилата на Наградната игра.

Сите полнолетни лица кои ќе направат најмалку една ПОС или e-commerce трансакција со НЛБ Visa дебитна картичка (Visa Debit, Visa Debit за пензионери и Visa Лично банкарство) или Visa кредитна картичка (Visa Classic и Visa Gold) од најмалку 1.500 МКД во периодот од 1.12.2025 до 15.1.2026 година, автоматски се квалификуваат за учество во наградната игра.

Еден учесник во наградната игра не може да добие повеќе од една неделна награда.
Учесниците кои добиле неделна награда не учествуваат во извлекување на главната награда.

### Член 7: МЕХАНИЗАМ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Квалификуван учесник во наградната игра е секое лице со право на учество во наградната игра кое во периодот во кој се одвива наградната игра, ќе направи најмалку една ПОС или e-commerce трансакција со НЛБ Visa дебитна картичка (Visa Debit, Visa Debit за пензионери и Visa Лично банкарство) или Visa кредитна картичка (Visa Classic и Visa Gold) од најмалку 1.500 МКД, во понатамошниот текст квалификувана трансакција.

Учесникот во наградната игра кој има направено најмалку една квалификувана трансакција во

периодот назначен како период на наградната игра има право да добие само еден тип на награда: еден тип неделна награда или главна награда.

На квалификуваниот учесник во наградната игра ќе му бидат земени предвид сите квалификувани трансакции, кои ги направил во периодот назначен како период на наградната игра. Повеќе квалификувани трансакции значат повеќе можности за награда.

Банката во периодот на наградната игра ќе генерира извештаи со потребните информации кои го потврдуваат статусот на клиентот и дали истиот е квалификуван да учествува во наградната игра.

**Член 8: НАГРАДИ ОД НАГРАДНАТА ИГРА**
Наградната игра ги нуди следните награди:

| **Тип на награда Неделна награда** | Количина | Единечна цена МКД | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|
| Парична награда 15.000 МКД | 14 | 15.000 | 210.000 |
| Смарт телефон IPhone 16E | 14 | 48.056,68 | 672.793,52 |

| **Тип на награда Гавна награда** | Количина | Единечна цена МКД | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|
| Автомобил Opel Frontera hybrid | 1 | 1.390.500 | 1.390.500 |

Количините на наградите од Наградната игра се ограничени и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои се претходно определени. Вкупниот број на награди е 29, а вкупната вредност на наградниот фонд е **2.273.293,52 МКД.**

**Член 9: ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**
Во текот на наградната игра ќе се доделуваат два типа неделни награди и еден тип главна награда.

**НЕДЕЛНА НАГРАДА**
Секој петок, почнувајќи од 5.12.2025 до 16.1.2026 година ќе се извлекуваат по 2 добитници на неделна награда – парична награда на платежна сметка како и по 2 добитници на неделна награда Iphone 16E.
Исплатата на паричната награда ќе биде на Виза дебитна картичка на добитникот (Visa Debit, Visa Debit за пензионери или Visa Лично банкарство). Во случај кога добитникот на паричната награда е квалификуван за наградната игра, а нема Виза дебитна картичка, по известувањето за добиената награда на добитникот истиот ќе биде упатен во најблиската експозитура на Банката со цел да му се издаде Виза дебитна платежна картичка на која ќе биде извршена исплатата.

Извлекувањето на добитниците ќе се врши од квалификуваните учесници од почетокот на играта од 1.12.2025 година од 00:00 часот, до 23:59 часот на денот кој претходи на денот на извлекувањето. Во првото извлекување на 5.12.2025 година ќе бидат земени предвид квалификуваните учесници од 1.12.2025 година од 00:00 часот до 23:59 часот на 4.12.2025 година. Во извлекувањата на неделни награди кои ќе се одржат на 5.12.2025, 12.12.2025, 19.12.2025, 26.12.2025, 2.1.2026, 9.1.2026, 16.1.2026, ќе бидат вклучени сите квалификувани учесници од 1.12.2025 година од 00:00 часот до 23:59 часот претходниот ден од денот на извлекувањето.

Во последното извлекување на неделните награди на 16.1.2025 ќе бидат извлечени 2 добитници на парична награда како и 2 добитници на IPhone 16E. Во извлекувањата на

неделните награди ќе бидат исклучени добитниците кои веќе освоиле неделна награда во наградната игра.
Неделните извлекувања ќе се одвиваат секој петок во 13:00 часот.

**ГЛАВНА НАГРАДА**
Во петок, 16.1.2026 ќе се извлекува добитникот на главната награда автомобил Opel Frontera. Извлекувањето на добитникот ќе се врши од квалификуваните учесници од почетокот на играта од 1.12.2025 година од 00:00 часот, до 23:59 часот на 15.1.2026 година. Во извлекувањата на главната награда не учествуваат добитниците кои веќе освоиле неделна награда во наградната игра.
Извлекувањето на главната награда ќе се одржи во 13:00 часот.

| **Датум** | **неделна награда парична награда** | **неделна награда IPHONE** | **Главна награда Opel Frontera** |
|---|---|---|---|
| 05.12.2025 | 2 | 2 | |
| 12.12.2025 | 2 | 2 | |
| 19.12.2025 | 2 | 2 | |
| 26.12.2025 | 2 | 2 | |
| 02.1.2026 | 2 | 2 | |
| 09.1.2026 | 2 | 2 | |
| 16.1.2026 | 2 | 2 | 1 |
| **ВКУПНО** | **14** | **14** | **1** |

**ДОБИТНИЦИ:**
**ДОБИТНИКОТ НА НЕДЕЛНА НАГРАДА** не учествува во следните неделни извлекувања и не може да добие друга неделна награда.
**ДОБИТНИКОТ НА НЕДЕЛНА НАГРАДА** не учествува во извлекувањето на главната награда.

Извлекувањата на наградите и определување на добитниците ќе се врши електронски, по случаен избор со помош на софтвер во просториите на Дирекцијата на Банката на ул. Водњанска бр.1, Скопје. Извлекувањата на неделните награди ќе се контролира од страна на комисија составена од 3 члена – 2 вработени во Банката и еден нотар преку генерирање на соодветни извештаи во системот на Банката. Извлекувањето на главната награда ќе се контролира од страна на комисија составена од 3 члена – двајца вработени во Банката и еден нотар, преку генерирање на соодветни извештаи во системот на Банката.

## Член 10: ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

Списокот на добитници со нивното име и презиме ќе се објавува на веб-страницата на Организаторот www.nlb.mk само врз основа на претходно дадена, слободна, конкретна, информирана и недвосмислена согласност од страна на добитникот.
Во случај добитникот да не даде согласност за јавно објавување на своето цело име и презиме, Организаторот ќе го објави типот на една од користените картички и маскиран број на картичката (ќе бидат објавени последните три бројки, а останатите бројки ќе бидат скриени – XXX).
Добитниците ќе бидат информирани индивидуално преку телефонски повик, на контактите кои ги има Банката, пред нивното јавно објавување.

Наградите може да се подигнат секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот на следната адреса: НЛБ Банка АД Скопје — Служба за стратешки маркетинг, односи со клиенти и комуникации, Ул. Водњанска бр. 1, 1000 Скопје.
Рокот за подигнување на наградите е 60 дена од денот на објавувањето на добитниците на веб страницата на организаторот www.nlb.mk. По завршување на овој рок и целосна реализација на наградите, Организаторот ќе ги избрише сите лични податоци поврзани со учеството, освен оние што е потребно да се чуваат согласно законските обврски за даночни цели.

**Член 11: ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО**
Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество и ако целосно ги почитуваат Правилата на наградната игра.

Вработените на Организаторот, како и членовите на нивните потесни семејства немаат право да учествуваат во наградната игра.

**Член 12: ДАНОЦИ, ЗАМЕНИ, ПРЕНОС И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДАТА**
Организаторот е одговорен за сите даноци, надоместоци или одговорности поврзани со наградата, вклучувајќи и персонален данок за секоја награда која поединечно го надминува износот од 500,00 денари. Наградите не се пренесуваат ниту се препишуваат на друго лице.

**Член 13: КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**
Контролор на обработката на личните податоци е НЛБ Банка АД Скопје, со седиште на ул. Водњанска бр. 1, 1000 Скопје.
Личните податоци (име, презиме, број на платежна картичка и телефонски број) се обработуваат исклучиво за целите на спроведување на наградната игра во согласност со прописите за заштита на личните податоци, при што јавното објавување на добитниците на наградите ќе се врши во согласност со член 10 од овие Правила.
Во случај на обработка на личните податоци за маркетинг цели, истата ќе се врши само по претходна изречна согласност од учесникот дадена во согласност со барањата на Законот за заштита на личните податоци.
Личните податоци ќе бидат достапни само на овластени лица и истите ќе се чуваат до завршување на наградната игра и исполнување на сите законски обврски (на пр. за даночни цели), по што ќе бидат безбедно избришани или анонимизирани во согласност со прописите за заштита на личните податоци, освен за цели за кои со закон постои обврска за нивно чување во подолг временски рок.

Учесниците имаат право на:
- пристап до сопствените податоци,
- исправка или бришење,
- ограничување на обработката,
- повлекување согласност, и
- поднесување приговор до Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП).

**Член 14: ПРАВО НА ПРИГОВОР**
Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на списокот на добитници да поднесе приговор во писмена форма до Организаторот на Наградната игра, кој е должен во рок од 3 (три) работни дена писмено да одговори на добиениот приговор.

**Член 15: ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**
Организаторот има право да ја откаже Наградната игра во било која фаза, со поднесување на образложено барање и по добивање на одобрение од Министерството за финасии и да ја извести јавноста преку дневниот печат, доколку настапи штетна последица предизвикана со кривично дело или поради делување на виша сила.

**Член 16: ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**
Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците истиот ќе се решава спогодбено преку медијација или на друг мирен начин, а во случај кога тоа не е можно ќе решава надлежен суд во Скопје.

**Член 17: ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА**
Пред почетокот на наградната игра, а по добивање на согласност од Министерството за финансии, Правилата на Наградната игра во целост ќе бидат објавени на веб сајтот на

Организаторот www.nlb.mk и делумно објавени на рекламниот материјал наменет за промовирање на наградната игра.

**Член 18: ПРОМОЦИЈА НА НАГРАДНАТА ИГРА**
За промоција на Наградната игра ќе бидат користени следниве канали на комуникација:

1. Радио реклама
2. ТВ реклама
3. Рекламни објави на профилите на социјалните мрежи на организаторот
4. Интерактивни банери на веб страници,
5. Лифлети во експозитурите,
6. Директна комуникација со клиентите

**Член 19: ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
Со исполнување на Правилата за учество во Наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие Правила ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерот за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на Наградната игра, односно до завршувањето на рокот за подигнувањето на наградите.

НЛБ Банка АД Скопје

____________________

Ана Јанчевска Јордановска
Раководител на Служба за стратешки маркетинг,
односи со клиенти и комуникации

НЛБ Банка АД Скопје
ОЕ 3080
01